Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образовани донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* за второ одделение на деветгодишното основното образование.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

II Одделение

Август 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

| **ТЕМА: ЦРТАЊЕ (19 часа)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Линија: Слободно движење на линијата – Летни игри – молив<br>2. Линија: прави и криви линии - Покрај езеро - акварел<br>3. Цртање: Разновидност на површините по текстура - молив<br>4. Линија – компонирање на прави и криви линии: Облаци и дожд<br>5. Цртање: разновидни линии по дебелина, форма - Пејзаж: Дрво, река со камења, сонце и облаци... - фломастер<br>6. Насоки на линија: хоризонтална, вртикална, коса – Пуштање на змејови – пастел<br>7. Разновиден тек на линијата: На улица – молив, креда<br>8. Простор – решение на односи: напред-назад – Птица во кафез - молив<br>9. Линија и настанување на текстура: Грмушка покрај река – пастел (една боја)<br>10. Цртање: пред – зад: Домашни и диви животни<br>11. Цртање: пред – зад: Домашни и диви животни – довршување<br>12. Линија и настанување на текстура: Ливада со цвеќиња<br>13. Линија и настанување на текстура: Ливада со цвеќиња - довршување<br>14. Разновиден тек на линијата: Огномет – молив, креда<br>15. Насоки на линија: хоризонтална, вертикална, коса – Геометриски форми |

16. Цртање: Видови линии - Новогодишна елка
17. Контраст на форми: Птица во гнездо
18. Цртање: слободен избор
**19.** Вреднување на ликовните творби – естетско проценување

| ТЕМА: СЛИКАЊЕ (26 часа) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Боја – основни бои (црвена, жолта, сина) - Слободно компонирање<br>2. Ликовни постапки во сликањето – мешање на бои: Сликање по сопствена замисла -темпера<br>3. Ликовни постапки во сликањето – мешање на бои: Сликање по сопствена замисла -темпера - доввршување<br>4. Секундарни бои: зелена – Разновидни форми на лисја – акварел<br>5. Секундарни бои: портокалова – Пресечени портокали - акварел<br>6. Секундарни бои: виолетова – Сливи во чинија<br>7. Боја, функција на бојата: Дрво во четири годишни времиња – темпера<br>8. Контраст на бои: Месечина и ѕвезди, Сонце и облачиња – колаж<br>9. Контраст на бои: Месечина и ѕвезди, Сонце и облачиња – колаж-довршување<br>10. Простор: надворешен и внатрешен – Позначајни објекти во моето место - акварел<br>11. Простор: надворешен и внатрешен – Природата во есен - колаж<br>12. Секундарни бои: Шатори за кампирање покрај река – гваш<br>13. Секундарни бои: Шатори за кампирање покрај река – гваш, довршување<br>14. Примарни и секундарни бои: Сон - гваш<br>15. Контраст на светло и темно: Оган и ноќ<br>16. Сликање - Пролет во мојот крај – акварел<br>17. Сликање - Пролет во мојот крај – акварел - довршување<br>18. Контраст на бои: Роденденска торта и колачиња - гваш<br>19. Контраст на бои: Роденденска торта и колачиња – гваш - довршување<br>20. Простор – просторни положби - Садење, полевање цвеќе - пастел<br>21. Простор – просторни положби - Садење, полевање цвеќе – пастел - довршување<br>22. Простор: надворешен и внатрешен: Дрвја и клупи во паркот - колаж<br>23. Простор: надворешен и внатрешен: Дрвја и клупи во паркот – колаж - довршување<br>24. Големи и мали облици: Аквариум со мали и големи риби - пастел<br>25. Големи и мали облици: Аквариум со мали и големи риби – пастел - довршување |

26. Сликање по избор на учениците – техника по слободен избор

**ТЕМА: ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ,МОДЕЛИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ (7 часа)**

**Наставни единици:**

1. Ликовни елементи во моделирањето: Едноставен и сложен волумен – Јаболко и грозд - пластелин
2. Ликовни елементи во моделирањето: Техники и постапки во обликувањето – обликување од картон
3. Едноставни форми и волумени: Разновидни фигури – шишарки, пердуви, чкорчиња
4. Форми – валчести и аглести: Кутија со сапун и прибор за хигиена – амбалажа, глина (пластелин)
5. Форми – валчести и аглести: Кутија со сапун и прибор за хигиена – амбалажа, глина (пластелин) - довршување
6. Форми – контраст на форми и големини: Сообраќајно средство – пластелин (глина), амбалажа
7. Форми – контраст на форми и големини: Сообраќајно средство – пластелин (глина), амбалажа - довршување

**ТЕМА: ПЕЧАТЕЊЕ (4 часа)**

**Наставни единици:**

1. Печатење со природни материјали (компир, листови од растенија, плодови)
2. Постапки во печатењето со природни бои: Печатење со природни материјали – Дезен за платно
3. Ликовни средства и постапки во печатењето: печатење со печати од сунгер – слободен избор
4. Печатење со сунѓер по фантазија - Разни форми /комбинации

**ТЕМА: ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ И ДИЗАЈН ( 8 часа)**

**Наставни единици:**

1. Декорирање разни предмети при што се внесува ритам и колорит Дизајнирање на чинии
2. Изработка на елементи за накит, комбинирање и применување ритам: Изработување накит
3. Изработка на елементи за накит, комбинирање и применување ритам: Изработување накит довршување
4. Дизајн: изработка на осмомартовска честитка (колаж)
5. Дизајн: изработка на кошничка за велигденски јајца од различни материјали
6. Големи и мали облици: Дезен за тапет

7. Форма, боја, линија: Украсување на автомобил – колаж
8. Форма, боја, линија: Украсување на автомобил – колаж - довршување

### 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема / часовите по ликовно образование максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Исто така, можат да се користат и работилниците од програмата за образование за животни вештини. Да запознава нови зборови и термини кои се користат во наставата по ликовно образование, да применува разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање и градење и визуелни комуникации во ликовното изразување, да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија доживувања и впечатоци, мисли и фантазии со помош на ликовниот јазик и творештво, да се оспособува да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба, да умее да искажува различни емоции преку ликовно изразување , да развива културни, хигиенски - технички и работни навики, да развива потреба за чување и облагородување на својата околина, да умее вербално да ја објасни ликовната творба, да се запознае со културно наследство од различни етнички заедници, да се запознае со компјутерската техника за цртање линии и разни форми итн.

Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси. Најефикасни методи на учење во наставата по ликовно образование се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.

**4.Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* за второ одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/220
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска